Илија АЦЕСКИ

**УДК: 316.334.5**

# ЕКОЛОШКА СВЕСТ И ОРИЕНТАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ

*Свест помеѓу прогресот и опстанокот*

***Кратка содржина***

*Во трудот се истражува еколошката ориентација на студентите. На примерок од 710 студенти од 7 факултети од Република Македонија со групно анкетирање во јуни 2007 година во рамките на проектот „Модернизацијата и идентитетот на студенската младина во Република Македонија" се изврши емпириско истражување. Во истражувањето е применета скала од дванаесет ставови од Ликертов тип. Истражувањето го потврди присуството на три емпириски еколошки ориентации: екологизам/натурализам, како доминатна, техницизам како изразена и антропоцентризам сосема малку забележлива. Ориентациите се добиени врз основа на процентуалната прифатеност на ставовите кои се карактеристични за секоја од нив.*

***Клучни зборови:*** *АНТРОПОЦЕНТРИЗАМ, ЕКОЦЕНТРИЗАМ, ТЕХНИЦИЗАМ, ИДЕНТИТЕТ, СТУДЕНТИ*

## Теоретска рамка на истражувањето

Во современиот свет кој денес е зафатен со брановите на глобализацијата, јасно се препознава присуството на зголемена свест за состојбите на животната средина односно, за опасностите кои произлегуваат од нерационалното трошење на суровините и енергијата, за што постои неподелено мислење дека предизвикуваат негативни последици врз животната средина во глобална смисла, како што се: климатските промени, оштетувањето на озонската обвивка и слично.

Индустриската цивилизација со право можеме да ја наречеме „материјалистички незаситно амбициозна цивилизација" која ја доведува во прашање иднината на човештвото. Денес се повеќе се говори за грешките кои човекот ги прави а кои главно произлегуваат од

убеденоста дека „располага со неограничени можности и дека науката и техниката секогаш се во служба на прогресот“ (Грул, 1985: 24).

Во културно-историска и антрополошка смисла убеденоста на човекот дека е единствениот господар на природата, што трае повеќе од две столетија, главно се базира на неговата позиционираност во еволуциската хиерархија како доминатно суштество, кое не само што се прилагодува на надворешниот свет туку и го моделира светот околу себе по сопствена мерка. Таа супериорност, која се базира врз техничките откритија, кај човекот формира свест дека природата е конструирана спрема техничките критериуми и дека без технологијата човекот не може да го замисли сопствениот опстанок.

Денес оправдано се говори за еколошка криза не само во врска со промените кои ги предизвикува индустриската цивилизација врз животната средина и опстанокот на Земјата, туку како криза што длабоко произлегува и е поврзана со состојбите на културата воопшто, криза на неговите вреднсоти, морал, знаење. Земјата е нападната од две страни: од претераните барања и расипнички навики на богатите развиени земји и во исто време и од милијардите гладни усти во неразвиените земји. (Кенеди, 1997:47)

Ако руралното општество можело да опстане со скромна техника, да живее во „согласност со природата“ тоа не може да се каже за модерното општество, кои денес се нарекува и сајбер – општество во кое човекот се претвора во сајбер-човек.

Во модерното општество денес се сретнуваат главно две концеции кои говорат за односите помеѓу природата, човекот и техниката. Се разбира дека тие се присутни во целокупниот историски развој, од појавата на човековото општество. (Franc, D. J. 1997). Имено, се говори за две концепции во поимањето на природата: едната е поврзана со тоа колку човекот успеал да ја стави во функција на неговите потреби, а другата е поврзана со толкувањето на природата, односно се говори за концепт на функционализација и концепт на физикализација. На пример појавата на молњата некогаш се толкувала како израз на божјиот гнев, денес се толкува како последица од одредени физички закони во атмосферата. Во тој контекст и на човекот се гледа само како на еден од видовите во природата и неговата улога во промена на екосистемите.

Човекот секогаш односот со природата го формирал врз желбата да ја покори и прилагоди кон сопствените потреби. Колку повеќе се зголемувала неговата моќ врз природата уште повеќе се зголемувале неговите потреби во материјална смисла. Природата последните неколку столетија се претвора во нешто кое му е дадено на

човекот на неограничено користење и експлоатација. Основно мерило на неговата среќа и задоволесто е изобилството на материјални добра, да се призведува и троши што е можно повеќе.

Според Бек загрозувањето на средината и секоја друга опасност со која се соочувал човекот во минатото, или била лична или ограничена во простор и време, за разлика од ризиците денес, кои имаат глобален карактер и се закануваат со самоуништување на Земјата. Тоа се ризици на глобализацијата и модернизацијата и тие го загрозуваат животот на земјата во сите негови форми. (Бек, 2001)

Корените на оваа материјалистичко-антропоцентрична ориентација се лоцирани длабоко во историјата. Во почетокот на новата ера, со појавата на индустрискиот начин на производство таа станува доминатна идеологија. (Rifkin, 2002; Worster,1993; Beck, 2004)

Антрпоцентричката ориентација е длабоко вкоренета во модерната цивилизација. Таа својата инспирација ја црпи пред сè од големата верба во техничкиот прогрес и верба во човекот дека може да ги решава проблемите на најадекватен начин.

Во етичка смисла антропоцентризмот се базира врз ставот за изворот на моралните вредности. Имено, „само човечките суштества поседуваат или носат т.н. интринсички вредности, односно внатрешни морални вредности." Спрема животните, во духот на оваа етика човекот нема непосредно никакви морални должности, туку посредно, само ако тоа е поврзано со луѓето. Новата еколошка етика поаѓа од вредностите на живите суштества како вредности сами по себе. За Арне Нес (во Carter, 2004: 22) вредностите на формите на живот во природата се независни од корисата кои тие ја имаат за човечките потреби. Тој говори за „биоцентричен егалитаризам" каде сите форми на живот имаат еднакво право на живот и развој. Во програмата составена од осум точки, Нес ја презентира суштината на длабинската екологија, каде меѓу другото е забележано дека луѓето немаат право да ја уништуваат разноликоста на живиот свет кој има вредност сам по себе.

Во теоретски поглед јасно се профилирани три ориентации во поглед на проекцијата на односите на човекот, природата и техниката. Антрпоцентричната ориентација се базира на ставот за доминација на човекот врз природата. Се разбира дека човекот мора да биде антрпоцентрично насочен, но се работи за границите на неговиот егоизам во однос на другите суштества: дали сопствениот стил на живот го прилагоди врз ограниченоста на природните извори или и понатаму ќе продолжи со расипничкиот однос кон природата? (Cifric, 2004:224)

Биоцентричката еколошка ориенатција се базира на разбирањето на другите не-човечки суштества и природата како целина (екосистемите, стварите) како нешто кое има вредност по себе, а не само вредност за човекот, односно исклучиво инструментална вредност. Се говори за „единство на човекот и природата" кое може да се разбере на повеќе начини: и како единство на природата и културата каде е вклучена и материјалана култура, и како единство во „природата" преку поимот на еволуцијата каде е вклучена и „културната еволуција". Без разлика на конкретните теоретски толкувања, во историската практика, човекот не е одвоен од природата, како што и денес не е одвоен, и покрај различните пристапи. Неговата „одвоеност" е последица од конструкцијата на двата света: светот на природата и човековиот свет, и насоченоста кон изградба на субјект и автономија на поединецот. (Cifric 2004: 225)

Ориентацискиот идентитет се однесува на некоја клучна вредност, во нашиот случај на односот на човекот спрема природата, односно на односот на трите категории: природа-техника-човек, кои го формираат „социо-еколошкиот ориентациски идентитет" на луѓето, во нашиот случај студентската популација. Дали кај нив можат да се забележат „ориентациски димензии" на еколошкиот идентите, какви што се антрпоцентризмот, натурализмот/екоцентризмот и техноцентризмот.

Перцепцијата за еколошките проблеми или субјективното чувство може да биде поблиску или подалеку од објективната состојба, што зависи од многу околности. Најчесто, поклопувањето на субјективното чувство со објективното знаење и состојба не е толку значајна за човековата поединечна реакција и реакцијата на поширок општествен план. Важно е јавното мислење да предизвика реакција на власта во решавање на некој еколошки проблем. Некои истражувања на состојбите на еколошката свест во Македонија покажаа дека постои голема подготвеност за еколошка акција и релативно висок степен на еколошка освестеност, но без конкретна практична реализација. Имено, кај испитаниците недвосмислено владее уверувањето за катастрофалните состојби на планот на животната средина и нејзината оптовареност со материи кои ја загрозуваат и уништуваат, но состојбата на еколошкиот ангажман е недоволно јасна: присутна е една голема поделеност на свеста и однесувањето. Од една страна постои висок степен на еколошка свест, а од друга отсуствува каков било практичен ангажман. (Ацески, 2005:148)

**Методологија на истражувањето**

Емпириското истражување е реализирано во рамките на проектот „Модернизацијата и идентитетот на студенската младина во Република Македонија" во јуни 2007 година на неслучаен промерок од 710 студенти на седум факултети. Основната идеја на проектот беше да се согледаат некои аспекти на идентитетот на студенската популација . Во тој контекст беа поставувани прашања поврзани и со еколошкиот идентитет, попрецизно, прашања од кои може да се определи „социоеколошката ориентацација" на студенската популација, во смисла на една од наведените „ориентациски димензии".

Од повеќе оправдани причини во нашата анализа ќе се задржиме само на некои димензии за кои сметаме дека се значајни.

Во прашалникот беа застапени четири батерии на прашања преку кои се опрерацинализирааа четири ориентации на идентитетот и тоа: еколошки, религиски, родов и политички. Еколошкиот идентитет е анализиран со помош на 12 ставови преку кои се операционализирани наведените ориентации на еколошкиот идентитет: антропоцентризмот, екоцентризмот и техноцентризмот. За секој став употребена е скала за оценување од Ликертов тип и секој испитаник за секој став дава по еден од понудените одговори: целосно се согласувам, се согласувам, немам мислење, не се согласувам и воопшто не се согласувам. (За религискиот идентитет поопширно во: Ацески, И. 2008. 129-149)

Целта на истражувањето беше да се согледа постоењето на различните ориентации на студентите во однос на природата и техниката, односно како студентите ја перцепираат улогата на техниката во решавањето на проблемите на модерната цивилизација и каква е улогата на човекот односно колку се антрпоцентрички насочени во нивната еколошка ориентација.

Во истражувањето се очекува да се добие различна процена во не/сложувањето со предложените ставови на прашалникот и се покаже склоност кон одредени ставови кои поконкретно ја дефинираат ориентација на испитаниците кон -- антрпоцентризам, техницизам или натурализам/екоцентризам. Нормално е да се очекува постоење на паралелни еколошки ориентации со изразена нагласеност на некоја од нив, во нашиот случај екоцентризмот.

Ориентацискиот идентитет, во конкретниот случај „социјално-еколошки ориентациски идентитет" е еден од групата идентитети кои се карактеристични за групите и поединците.

Секако дека тој може да се поврзува со останатите идентитети, како што се религискиот, родовиот, политичкиот, но во конкретниов случај нема да биде предмет на компаративна анализа, во смисла колку еден може да се доведе во врска со друг. На пример степенот на религиозност и некој тип на религиски идентитет може да се доведе во врска со некоја од еколошките ориентации, на пример со екологизмот или антропоцентризмот.

## Резултати од истражувањето

Во анализата на емпириските податоци останувaме само на ниво на проценти без да навлегуваме во понатамошна статистичка обработка и без неопходната факторска анализа која многу попрецизно ќе ни покаже за каков тип на ориенатција станува збор.

Едноставно, ориентациските идентитети во еколошка смисла ги извлековме од групите на прашања, кои како може да се види од табелата се јасно профилирани и тоа:

а) недвосмислена доминантна екоцентрична ориентација која се формира од три ставови кај кои согласувањето се движи повеќе од две третини од одговорите на скалата (ставовите 3, 9 и 12);

б) недвосмислена техноцентрична ориентација, која постои паралелно со првата и која ја формираат ставовите 2, 8 и 11 од кои е јасно профилирано значеењето на техниката во животот на лугето;

в) Третата, антропоцентрична ориентација која е практично најслабо изразена ја формираат ставови кои ја потенцираат улогата, местото и значењето на човекот во светот на природата (ставовите 1, 4, 7 и 10). Три од овие ставови се прифатени под 20 проценти што ни дава за право да констатираме дека антропоцентризмот е најслабо прифатена ориентација кај студентите.

Значи имаме ставови кои се над две третини прифатени на скалата на степенување и го дефинираат екоцентризмот, ставови кои се приближно половина прифатени на скалата на степенување на инструментот кои го формираат техноцентризмот и ставови кои се прифатени од околу 1/4 од испитаниците кои го формираат антропоцентризмот.

## Табела 1. Преглед на резултатите по ставови во проценти

| Ставови | 1. Целосно се согласува | 2. Се согласува | 3. Нема мислење | 4. Не се согласува | 5. Воопшо не се согласува |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Човекот е апсолутен господарна на природата | 7,3 | 15,6 | 5,5 | 46,9 | 24,4 |
| 2. Развојот на техниката му донесува нови благодети на човекот | 30,0 | 57,3 | 5,8 | 4,5 | 1,5 |
| 3. Човекот е само едно од природните суштества и мора да се потчинува на природата | 29,9 | 42,2 | 16,1 | 10,1 | 1,5 |
| 4. Природно право на човекот е да ја искористува природата | 5,5 | 19,6 | 15,2 | 42,5 | 16,9 |
| 5. Денес човекот ја контролира природата и со најсовремени технологии ги спречува можните несреќи | 6,3 | 35,8 | 15,5 | 34,9 | 7,2 |
| 6. Општествениот развој треба да биде подреден на законите на природата | 13,7 | 28,2 | 46,2 | 8,5 | 2,7 |
| 7. Човекот како најразвиено суштество треба да одлучува за судбината на целата земја | 19,0 | 27,9 | 10,1 | 30,3 | 11,8 |
| 8. Единствено техниката може на човештвото да му осигура подобра перспектива | 10,6 | 32,8 | 16,8 | 34,5 | 4,6 |
| 9. Заштиата на средината има пердност пред сите други задачи на општеството | 34,9 | 44,4 | 10,3 | 7,9 | 9,5 |
| 10. Човекот е господар на Земјата на која живее и може неограничено да употребува се што се наога на неа | 4,2 | 13,2 | 9,6 | 49,6 | 22,5 |
| 11. Современата техника има многу позитивни страни од негативни | 14,5 | 40,3 | 21,8 | 20,1 | 2,4 |
| 12. Човекот е само едно од битијата на земјата и целосно е зависен од нејзините услови и законитости | 23,8 | 47,9 | 14,2 | 11,7 | 0,8 |

а) Најмногу и најмалку прифатени ставови – *„многу се согласува“ и „воопшто не се согласува“*

Од вкупниот број на ставови (12) само четири се целосно прифатени (испитаниците целосно се согласуваат) под 10% и тоа три од нив имаат антропоцентричко значење (ставовите 1,4 и 10), а еден ја нагласува техниката во контролирањето и спречувањето на несреќите (ставот 5).

Во втората група на најмалку прифатени ставови со кои испитаниците воопшто не се согласуваат се сретнуваат по два ставови кои се во групата со екоцентрично значење (ставовите 3 и 9) и два става од групата кои имаа техноцентричко значење (ставовите 2 и 11).

Од вкупниот број на ставови четири се најмногу прифатено со над дваесет проценти од кои два со над 30%, и тоа ставот „Развојот на техниката му донесува благодет на човештвото“ со 30,0% (на скалата) и ставот „Заштитата на средината има предност пред сите други задачи на општеството со 34,9% на скалата на прашалникот“.

б) *„се согласува“ и „не се согласува“*

Во оваа група се сретнуваат одговори кои со над 40 % го прифаќаат ставот, целосно се согласуваат, или, „воопшто не се согласуваат“. Воглавно испитаниците се согласуваат со ставовите кои содржат екоцентричко значење (ставовите 3, 9, 11) а не се согласуваат со ставовите кои подразбираат антропоцентричко значење (ставовите 4 и 10) и ставивите кои подразбираат техноцентризам кај кои се сретнуваат над 30% во неприфаќање (ставовите 5 и 8).

в) *„Нема мислење“*

Во групата на оние за кои испитаниците не изградиле мислење интересни се два става со над 20% и тоа еден од нив (став 6) кој упатува на екоцентричка вредносна ориентација и вториот кој техниката ја лоцира повеќе во позитивните отколку во негативните страни во развојот, а за што испитаниците немаат изградено став.

Што покажува дистрибуцијата на фрекфренциите на ставовите во прашалникот?

Прво, најмалку прифатени ставови се оние кои ја формираат антропоцентричката ориентација на испитаниците. Имено, само со

околу 20% од сите антропцентрички ставови испитаниците се согласуваат („целосно се согласуваат“ и „се согласуваат“: дека човекот е апсолутен господар на природата, дека природно право на човекот е да ја искористува природата спрема сопствената волја и дека човекот е господар на Земјата и може неограничено да употребува се што сѐ наоѓа на неа. Единствено ставот „Човекот е најразвиено суштество на Земјата и треба да одлучува за судбината на целиот растителен и животински свет“ е прифатен од скоро половина од испитаниците (46%).

Второ, од четирите ставови кои ја дефинираат екоцентричката ориенатација три се прифатени со повеќе од 2/3 од одговорите на скалата, а еден со над 40%, што говори за тоа дека студенската популација во голема мера го прифаќа екоцентрички поглед на свет, кој е формиран од неколку клучни елементи за разбирањето на односот на човекот кон природата: дека тој (човекот) е само едно од природните суштества и мора да се потчинува на законите на природата, дека заштитата на природата има предност пред сите други задачи на општеството, и дека човекот е само едно од битијата на земјата и целосно е зависен од нејзините услови и законитости.

Трето, во поглед на прифаќањето на значењето и улогата на техниката во развојот на општеството и нејзината улога во решавањето на проблемите се забележува висок степен на прифаќање на понудените ставови на скалата на согласуваат. Имено, од четирите става скоро сите се над 40% прифатени позитивно, односно испитаниците се согласуваат со нив, а еден од нив кој говори за развојот на техниката која на човештвото му донесува постојано нови благодети е најмногу прифатен од сите предложени ставови во прашалникот со скоро 90% согласување на степенуваната скала.

**Заклучни согледувања**

Без сомнение, истражувачките резултати ни даваат една во голема мера упростена претстава за „емпирискиот еколошки идентитет“ на испитуваната популација во кој егзистираат две јасно профилирани димнезии кои, имајќи го предвид карактерот на нивното значење и фактот што се непомирливи, егзистираат паралелно.

Едната, препознатлива и може да се рече и поизразена во однос на другата е потесно поврзана со екоцентричката /натуралистичка ориенатција и поглед на свет. Таа е поврзана со ставови кои главно човекот го лоцираат на рамноправно ниво со другите битија во при-

родата и на која мора да и се потчинува на законите и, кој е зависен од неа и треба да се грижи за неа.

Втората ориентација, која е помалку изразена, барем што се однесува во екстремното прифаќање, односно согласуваат со ставовите, е поврзана за улогата на техниката која има посредувачка улога мегу човекот и природата и за која човекот, кој е нејзин творец, но и во исто време и детерминиран од нејзината улога, и дава големо значење пред се во решавањето на проблемите со кои денес се соочува човештвото, дека таа, на пример ќе ги реши проблемите со загадувањето. Едноставно, имаме екоцентризам зачинет со *шехноцисшички* ставови и убеденост во техниката како значаен фактор во решавањето на проблемите на општеството денес.

И најпосле , антропоцентризмот кој се чини е во повлекување и за разлика од претходните истражувања, има се помалку приврзеници.

(Рецензент: *йроф. д-р Владимир Давчев*)

## ЛИТЕРАТУРА


Ацески Илија. 2005. *Градот знаци во времето и просторот.* Филозофски факултет. Скопје.

Ацески Илија . 2008. *Социолошки есеи.* Филозофски факултет, Скопје.

Bek,U. 2004. *Moć protiv moći u doba globalizacije.* Zagreb: Školska knjiga.

Bek, U. 2001. *Rizično društvo.* Beograd: Filip Visnjić.

Грул, Х. *Једна планета је оплачкана.* Београд: Просвета.

6.Cifrić, I. 2004. Orientaciski identitet, *Socijalna ekologija.* 3-4/2004 , Zagreb.

Franć, D. J. 1997. Science, Nature,and Globalization of the Environment, 1870-1990.

Carter N. 2004. *Strategija zaštite okoliša.* B.A.R.B.A.T Zagreb.

Kirn. A. 1992 .Od antropocentricne k egocentricnoj etici, *Socijalan ekologija, broj.* 3.

Rifkin, J. Entropija. Zagreb: Misl.

Gary Vorner 2002. *Biocentric Individualizam.* Oxford University Press

Worster, 1993. *The Wealth of Nature.* Oxford, New York

Кенеди, П.1997. *Припрема за двадесет и први век.*Београд: Новинско изадавачка установа Службени лист СРЈ.

Ilija ACESKI

## ECOLOGICAL CONSCIOUSNESS AND STUDENTS' ECOLOGICAL ORIENTATION

### Summary

*The subject of this paper is the ecological orientation of the students. An empirical research had been done in June 2007 on a sample of 710 examined students at 7 faculties in the Republic of Macedonia in the framework of the project named „Modernisation and identity of the students' population in the Republic of Macedonia". In this research had been used a scale of 12 states of Likert's type. The research confirmed the presence of three empirical ecological orientations: ecologism/naturalism, as a dominant, technicism as an expressed and anthropocentrism as completely less observed (orientation). The orientations have been obtained on the basis of percent acceptance of the states that are characterized for each of them.*

***Key words:*** *ANTHROPOCENTRISM, ECOCENTRISM, TECHNICISM, IDENTITY, STUDENTS.*